МАКЕДОНСКИ БРОД

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: opstina@mbrod.gov.mk
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** — **25.01.2024 година**
**Општина Македонски Брод** — **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** — **Број 1 – 2024 год.**

Јануари 2024

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 32 - та седница одржана на ден 23.01.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на Општина Македонски Брод за IV квартал за 2023 година

1. Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на Општина Македонски Брод за четврт квартал за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 18 – 113/3
23.01.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Советот на општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 23.01 2024 година, донесе

# О Д Л У К А

**за утврдување на вредноста на бодот на платите за државните службеници во Општина Македонски Брод за 2024 година**

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за периодот 01.01.2024 година до 31.12.2024 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод“, а ќе се применува со исплата на платата за Јануари 2024 година.

Бр. 18 - 113/4
23.01.2024 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр. 2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Договорот за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика и Општина Македонски Брод со арх.број 02-4740/1 и арх.број 08-271/2 од 03.07.2023 година склучен помеѓу Министерството за труд и социјална политика и Општина Македонски Брод, како и Договорот за групна набавка на градежни работи со арх.број 02-4740/2 и арх.број 08-271/2 од 03.07.2023 година склучен помеѓу Министерството за труд и социјална политика и Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод, на 32-та седница одржана на ден 23.01.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

**за одобрување на средства за кофинансирање на проектот реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Македонски Брод, согласно донесена Програма на Влада на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.27/2023)**

**Член 1**

Врз основа на Договорот за групна набавка на градежни работи со арх.број 02-4740/2 и 08-271/3 од 03.07.2023 година и Одлуката за повеќегодишна групна јавна набавка како поедноставена отворена постапка за изведување на градежни работи за реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод со арх.број 02-7833/1 од 06.12.2023 година, Договорниот орган, Министерство за труд и социјална политика и Општина Македонски Брод, спроведоа постапка за јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Македонски Брод со оглас број 22411/2023.

**Член 2**

Согласно Одлуката за повеќегодишна групна јавна набавка како поедноставена отворена постапка за изведување на градежни работи за реконструкција со пренамена на детска градинска во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод со арх.број 02-7833/1 од 06.12.2023 година, вкупната проценета вредност на групната набавка изнесува 13.514.500,00 денари без ДДВ, односно 15.947.110,00 денари со вклучен ДДВ.

Во член 3 и член 4 од Договорот на групна набавка е уреден начинот на спроведување на постапката за групна набавка, како и начинот на финансирање на набавката, со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија и Буџетот на Општина Македонски Брод.

**Член 3**

Согласно постапката за групна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод со оглас број 22411/2023 на Министерството за труд, која е во фаза на евалуација за избор на најповолен понудувач, како и по спроведената Електронска аукција на која се поканети понудувачите кои имаат доставено прифатливи понуди на ден 12.01.2024 година, од страна на Комисијата за јавни набавки за спроведување на постапката, е констатирано дека најповолната понуда по спроведената електронска аукција е со износ од **14.321.157,00 денари** без пресметан ДДВ и е повисока од проценетата вредност на набавката за износ од **806.657,00 денари** без пресметан ДДВ.

Советот на Општина Македонски Брод, врз основа на обезбедени дополнителни докази произлезени од спроведеното истражување на пазарот кои ја потврдуваат оправданоста на постигнатата цена по спроведената електронска аукција одобрува дополнителни финансиски средства во износ од **806.657,00 денари** без пресметан ДДВ, односно **951.855,00 денари** со пресметан ДДВ, се со цел да избере најповолната понуда согласно спроведената постапка за групна набавка, како и да се склучи Договор за изведување на градежни работи за реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод.

Останатите финансиски средства кои ги финансира Општина Македонски Брод се уредени со Договорот за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика и Општина Македонски Брод со арх.број 02-4740/1 и арх.број 08-271/2 од 03.07.2023 година и Договорот за групна набавка на градежни работи со арх.број 02-4740/2 и арх.број 08-271/3 од 03.07.2023 година

**Член 4**

Одлуката е основ да се измени Одлуката за повеќегодишна јавна набавка како поедноставена отворена постапка за изведување на градежни работи за реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод со арх.број 02-7833/1 од 06.12.2023 година, во која треба да се измени вкупната проценета вредност на набавката.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 113/5
23.01.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ” бр.79/09), член 14 став 1 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“, бр.05/02) и Одлука бр.08-3349/25 од 28.11.2023 година од Советот на Општина Кичево, Советот на Општина Македонски Брод на 32 - та седница, одржана на ден 23.01.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## за воспоставување меѓуопштинска соработка

### Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Кичево заради заедничко вршење работи од надлежност на општините кои што се однесуваат на заштита и спасување (*за вршење на работите од член 22 од ЗЛС и конкретниот предмет на соработка*), а во склоп со Програмата на УНДП – Пост ковид општини - како двигатели на одржливиот развој и Проектот - Меѓуопштинска соработка за превенција и заштита од кризи.

### Член 2

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку Договор за здружување на материјални средства, опрема, финансии и друго.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 – 113/6
23.01.2024 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а согласно со член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 22/18 и 101/19), член 21 точка 32 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.02/03, одржана на ден 23.01.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за пренесување на право на сопственост на движни ствари сопственост на Општина Македонски Брод на ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод

Член 1

Со оваа Одлука, општина Македонски Брод на ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод му го пренесува правото на сопственост на 19 (деветнаесет) пластични канти за отпад.

Член 2

Наведените подвижни ствари од членот 1 од оваа Одлука се даваат на трајно користење, без надоместок, за извршување на дејноста на ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод (уредување на паркови и јавни површини во градот).

Член 3

За примопредавањето на наведените подвижни ствари од членот 1 од оваа Одлука ќе се остави записник помеѓу претставник на Општина Македонски Брод и ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18 – 113/7
23.01.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со Одлука бр.02-669/2 од 20.12.2023 година на Управен одбор на СОУ „Св.Наум Охридски“, Советот на Општина Македонски Брод, на 32 - та седница одржана на ден 23.01.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Одлуката на УО на СОУ „Св.Наум Охридски“
за времено користење на просторија во училиштето за отворање на Младински центар

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката на УО бр.02-669/2 од 20.12.2023 година на СОУ „Св.Наум Охридски“ за времено користење на една просторија, поранешна "кантина" во СОУ „Св.Наум Охридски“ на КП бр.3247 во КО Македонски Брод за активности на Младинскиот центар.

Член 2

Младински Центар е место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе го подобруваат личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите.

Член 3

Општина Македонски Брод преку Јавен повик кој што ќе биде објавен на официјалната веб страна, на транспарентен начин ќе изврши избор на младинска организација.

Член 4

Оваа Одлука влегува на сила од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18 - 113/8
23.01.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 32 - та седница, одржана на ден 23.01.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## за давање согласност на Годишниот План за работа и развој на ЈКП „Комунална хигиена" Македонски Брод за 2024 година

Член 1

Се дава согласност на Годишниот план за работа и развој на ЈКП „Комунална хигиена" Македонски Брод за 2024 година, усвоен од Управниот одбор на ЈКП „Комунална хигиена" Македонски Брод со Одлуката бр.02-371/3 од 25.12.2023 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

Број 18 – 113/9
23.01.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 5 став 2, член 20-б став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на 23.01.2024 година, ја донесе, следната

# О Д Л У К А

за давање на согласност за измена и дополна на Годишниот план за вработување во Општина Македонски Брод, за 2024 година

Член 1

Се донесува Одлука за давање на согласност за измена и дополна на Годишниот план за вработување во Општина Македонски Брод за 2024 година.

Член 2

Оваа Одлука заедно со измените и дополната на Годишниот план за вработување, да се достави до Министерство за информатичко општество и администрација за добивање на мислење по однос на истиот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со нејзино донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 113/10
23.01.2024 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со Одлуката за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.3/22) и Правилникот за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници, Советот на Општина Македонски Брод на 32 - та седница одржана на ден 23.01.2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр. 18-76/1 од 10.01.2024 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со предмет бр.18 - 76/1 од 10.01.2024 година.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

***СПОГОДБА***
***за надомест на штета***

*Склучена на ден ___.___.2024 год. помеѓу:*

1. *Васка Славеска, од Македонски Брод со ЕМБГ* [redacted] *во понатамошниот текст прва спогодбена страна*
2. *Општина Македонски Брод, со ЕМБС 6057608 и ЕДБ 4018004103727 со седиште на ул.7-ми Септември бр.4, Македонски Брод, застапувана од Градоначалникот м-р Жарко Ристески, во понатамошниот текст втора спогодбена страна.*

*Член 1*

*Предмет на спогодбата е надомест на материјална и нематеријална штета на Васка Славеска од Македонски Брод, ул.„Пролетерска“ бр.2.*

*Штетата е настаната како последица на напад од куче скитник, кое што го каснало на десната нога во пределот на потколеница и нанесло телесна повреда и предизвикало силни болки, за кој што настан има комплетна документација.*

*Член 2*

*Двете страни на оваа спогодба се договорија да втората спогодбена страна, се обврзува на првата спогодбена страна и исплати надомест на материјална и нематеријална штета во вкупен износ од 30.000,00 денари.*

*Член 3*

*Првата спогодбена страна со потпишување на оваа спогодба се откажува од правото да поведе судска постапка за предметот на оваа спогодба.*

*Член 4*

*Во случај на спор надлежен е Основниот Суд во Кичево.*

*Член 5*

*За се што не е пропишано во оваа спогодба, ќе се применуваат одредбите од Законот за Облигациони односи.*

*Член 6*

*Спогодбата е склучена во четири еднообразни примероци од кои по два за секоја страна.*

*Член 7*

*Спогодбата влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.*

*Прва спогодбена страна,*
*Васка Славеска*
____________________

*Втора спогодбена страна,*
*Градоначалник,*
*м-р Жарко Ристески, с.р.*
____________________

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да ја потпише горецитираната спогодба, по предметот бр.18-76/1 од 10.01.2024 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 113/11
23.01.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со Одлуката за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.3/22) и Правилникот за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници, Советот на Општина Македонски Брод на 32 - та седница одржана на ден 23.01.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

**за давање согласност за склучување на спогодба во врска**
**со предмет бр. 18-75/1 од 10.01.2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со предмет бр. 18-75/1 од 10.01.2024 година.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

***СПОГОДБА***
***за надомест на штета***

*Склучена на ден ___.___.2024 год. помеѓу:*

1. *Бранкица Волческа, од Македонски Брод со ЕМБГ* [redacted] *во понатамошниот текст прва спогодбена страна.*
2. *Општина Македонски Брод, со ЕМБС 6057608 и ЕДБ 4018004103727 со седиште на ул.„7-ми Септември“ бр.4, Македонски Брод, застапувана од Градоначалникот м-р Жарко Ристески, во понатамошниот текст втора спогодбена страна.*

*Член 1*

*Предмет на спогодбата е надомест на материјална и нематеријална штета на Бранкица Волческа од Македонски Брод ул.„Страшо Пинџур“ бр.5.*

*Штетата е настаната како последица на напад од куче скитник, кое што го каснало на десната нога во пределот на потколеница и нанесло телесна повреда и предизвикало силни болки, за кој што настан има комплетна документација.*

*Член 2*

*Двете страни на оваа спогодба се договорија да втората спогодбена страна, се обврзува на првата спогодбена страна и исплати надомест на материјална и нематеријална штета во вкупен износ од 30.000,00 денари.*

*Член 3*

*Првата спогодбена страна со потпишување на оваа спогодба се откажува од правото да поведе судска постапка за предметот на оваа спогодба.*

*Член 4*

*Во случај на спор надлежен е Основниот Суд во Кичево.*

*Член 5*

*За се што не е пропишано во оваа спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за Облигациони односи.*

*Член 6*

*Спогодбата е склучена во четири еднообразни примероци од кои по два за секоја страна.*

*Член 7*

*Спогодбата влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.*

*Прва спогодбена страна,*
*Бранкица Волческа*

*Втора спогодбена страна,*
*Градоначалник,*
*м-р Жарко Ристески, с.р.*

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да ја потпише горецитиранаата спогодба, по предметот бр.18-75/1 од 10.01.2024 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 113/12
23.01.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.05/02) и член 21 став 1 точка 28 и точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а во врска со член 17-а став 2 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22) и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен весник на РСМ“ бр.283/22), Советот на Општина Македонски Брод, на 32 - та седница, одржана на 23.01.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално – финансиско работење на ЈКП „Комунална хигиена” Мак.Брод и ЈП „Водовод и канализација” Мак.Брод

1. Општина Македонски Брод распишува Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално – финансиско работење на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод и ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод.

2. Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи. Јавниот повик е даден во прилог на оваа Одлука.

3. Постапката за избор на членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод и ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод, ќе ја спроведе Комисија за селекција формирана од страна на Советот на Општина Македонски Брод со Одлука за формирање на Комисија за селекција на кандидати по јавен повик за избор на членови во управен и надзорен одбор на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/23) и Одлука за формирање на Комисија за селекција на кандидати по јавен повик за избор на членови во управен и надзорен одбор на ЈКП „Водовод и канализација” Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/23).

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 113/13 Совет на Општина Македонски Брод
23.01.2024 година Претседател,
Македонски Брод Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 32 - та седница, одржана на ден 23.01.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

по иницијатива за субвенционирање на доручек за учениците во основно и средно образование чии семејства имаат ниски примања

1. Советот на Општина Македонски Брод на 32 - та седница по поднесена иницијатива за субвенционирање на доручек за учениците во основно и средно образование чии семејства имаат ниски примања донесе заклучок да се направи анализа од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ – Македонски Брод и СОУ „Св.Наум Охридски“ – Македонски Брод во насока колку изнесува вкупната бројка на ученици од оваа категорија.

2. Заклучокот да се достави до ООУ „Св.Климент Охридски“ – Македонски Брод и СОУ „Св.Наум Охридски“ – Македонски Брод заради понатамошно постапување со обврска од нивна страна да има писмено известување од направената анализа до Советот на Општина Македонски Брод.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 113/14
23.01.2024 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Дијана Јованоска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 32 - та седница
одржана на ден 23.01.2024 година

Се објавуваат Одлуки, решенија и заклучоци, што Советот на Општина Македонски Брод ги донесе на 32 - та седница, одржана на ден 23.01.2024 години и тоа како следи:

1. Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за IV квартал за 2023 година;
2. Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите за државните службеници во општина Македонски Брод за 2024 година;
3. Одлука за одобрување на средства за кофинансирање на проектот реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Македонски Брод, согласно донесена Програма на Влада на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ” бр.27/2023);
4. Одлука за воспоставување на меѓуоппштинска соработка;
5. Одлука за пренесување на право на сопственост на движни ствари сопственост на Општина Македонски Брод на ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод;
6. Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на СОУ „Св.Наум Охридски“ за времено користење на просторија во училиштето за отворање на Младински центар;
Одлука за давање согласност на Годишниот План за работа и развој на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за 2024 година;
8. Одлука за давање на согласност за измена и дополна на Годишниот план за вработување во Општина Македонски Брод за 2024 година;
9. Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр.18 - 76/1 од 10.01.2024 година;
10. Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр.18 - 75/1 од 10.01.2024 година;
11. Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално – финансиско работење на ЈКП „Комуналана хигиена” Мак.Брод и ЈП „Водовод и канализација” Мак.Брод и

12. Заклучок по иницијатива за субвенционирање на доручек за учениците во основно и средно образование чии семејства имаат ниски примања.

Бр.08 - 113/15<br>25.01.2024 година<br>Македонски Брод

Општина Македонски Брод<br>Градоначалник,<br>м-р Жарко Ристески, с.р.

**Службен гласник број 1 од 25.01.2024 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на Општина Македонски Брод за IV квартал за 2023 година ............................................................. стр. 2

Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите за државните службеници во Општина Македонски Брод за 2024 година ................................................................ стр. 3

Одлука за одобрување на средства за кофинансирање на проектот реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Македонски Брод, согласно донесена Програма на Влада на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.27/2023) ........................................................................ стр. 4

Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка ........................................ стр. 6

Одлука за пренесување на право на сопственост на движни ствари сопственост на Општина Македонски Брод на ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод ............. стр. 7

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на СОУ „Св.Наум Охридски“ за времено користење на просторија во училиштето за отворање на Младински центар ........................................................................................................................................ стр. 8

Одлука за давање согласност на Годишниот План за работа и развој на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за 2024 година ................................................. стр. 9

Одлука за давање на согласност за измена и дополна на Годишниот план за вработување во Општина Македонски Брод за 2024 година ......................................... стр. 10

Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр.18 - 76/1 од 10.01.2024 година .............................................................................................. стр. 11

Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр.18 - 75/1 од 10.01.2024 година .............................................................................................. стр. 13

Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално – финансиско работење на ЈКП „Комунална хигиена” Мак.Брод и ЈП „Водовод и канализација” Мак.Брод ............................................................................................... стр. 15

Заклучок по иницијатива за субвенционирање на доручек за учениците во основно и средно образование чии семејства имаат ниски примања .............................................. стр. 17

Заклучок за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 32 - та седница одржана на ден 23.01.2024 година ................................................................... стр. 18